Катедрата за креативно пишување при Универзитетот Американ колеџ Скопје
во соработка со издавачката куќа Арс Ламина

**Конкурс за необјавено литературно дело**

Конкурсот има за цел да поттикне писателски практики што ќе се истакнуваат со јазична и стилска оригиналност и со тематска актуелност. Конкурсот е отворен за полнолетни автори. Секој автор може да испрати најмногу две дела (раскази, поезија, дигитална фикција и мешани жанрови) напишани на македонски, албански или на англиски јазик. Нема тематски или жанровски ограничувања, освен тоа дека должината на делото не смее да надминува 1500 зборови.

Делата се испраќаат на електронската адреса creative.writing@uacs.edu.mk како приложен ворд или пдф документ заедно со контакт-детали (адреса и телефон) од авторот.

**Рок за пријавување: 23 август 2024 година.**

Ракописите ќе ги оценува петчлена комисија составена од Никола Маџиров, Арлинд Фаризи, Иван Додовски и Ивана Трајаноска (раководители на програмата за креативно пишување на Универзитетот Американ колеџ Скопје) и еден претставник од издавачката куќа Арс Ламина.

**Комисијата ќе додели прво, второ и трето место, а наградените дела ќе бидат објавени на 12 септември 2024 година.**

**Главната награда се состои од стипендија во износ од 2750 ЕУР за целокупна школарина за првата мастер-програма по креативно пишување на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје, која ја обезбедува Триглав пензиско друштво АД.**

Во случај првонаградениот автор да не ги исполнува критериумите за упис на мастер- програмата или да не е во можност да се запише на мастер-програмата од лични причини, организаторот ќе ја додели стипендијата на авторот на следното најдобро дело кое е ги исполнува условите за упис.
**Повеќе за мастер-програмата по креативно пишување може да прочитате на следниов линк** https://uacs.edu.mk/home/ma-in-creative-writing-2/
Избор од најдобрите дела ќе биде објавен во посебна едиција на Универзитетот Американ колеџ Скопје и издавачката куќа.

**Главен спонзор**

Триглав пензиско друштво АД

**За мастер-програмата по креативно пишување на Факултетот за странски јазици (УАКС)**

Мастер-програмата по креативно пишување е едногодишна студиска програма, која се состои од шест предмети, писателска работилница и магистерски труд во форма на авторско портфолио. Наставата се изведува на англиски јазик, освен за предмети за книжевен превод и македонска книжевност.

Преку добро осмислени изборни предмети кандидатите можат да направат избор што соодветствува на нивните интереси, кариерни планови, искуство или претходно образование: предмети кои ќе овозможат стекнување знаења и писателски вештини во областа на маркетингот и односите со јавност (предмети како Content Writing, Integrated Marketing Communications, Public Relations, Language, Discourse and Social Media); интердисциплинарни предмети погодни за кандидати со образовен профил од областа на психологијата или лингвистиката (Psycholinguistics, Conversation Analysis); како и предмети кои овозможуваат знаења и писателски вештини од областа на јазикот и книжевноста (Semantics, Pragmatics, Stylistics, Nobel Prize Poets, Contemporary Balkan Drama).

Наставата ја изведуваат универзитетски професори со повеќегодишно академско искуство во земјава и странство, афирмирани писатели и експерти од практиката.

На мастер-програмата по креативно пишување можат да се запишат кандидати со завршени четиригодишни додипломски студии без органичувања во однос на областа во која дипломирале.
Програмата е наменета за сите кои сакаат да пишуваат, со или без претходно искуство и овозможува унапредување на вештините за креативно пишување, критичко и аналитичко размислување, за истражување и комуникација на англиски и македонски јазик. Програмата овозможува стекнување на знаења, вештини и компетенции соодветни за професионални профили како писател, креатор на пишани содржини, копирајтер, аналитичар на јазични податоци, преведувач, уредник.

Програмата овозможува насоки и пристап до повици за писателски резиденции, креативни проекти и објавување на книжевни дела. Кандидатите ќе можат да развијат и авторска дисциплина која ќе вроди со нивно авторско книжевно портфолио. Исто така, мастер-програмата по креативно пишување на УАКС овозможува вмрежување и соработка со неколку мастер-програми за креативно пишување на универзитети во САД и други земји преку програмата Глобални партнери во образованието во која УАКС членува од 2009 година.

За повеќе информации, погледнете на следниов линк
https://uacs.edu.mk/home/ma-in-creative-writing-2/